РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2219/2
17-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2219/1 од 19.08.2024 година, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за дел од наводите од пријавата се постапува во ДКСК и постапките се сеуште во тек, а нема елементи за надлежно постапување по однос на наводите за злоупотреба на средства на проект финасиран од меѓународни организации.

Предметот со број 12-2219/1 од 19.08.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, по електронски пат, на ден 19.08.2024 година, поднесена е пријава со наводи против -----------, координатор на Проектот на УСАИД и ЛЦИФ, наменет за ---------------, кој се спроведувал од страна на Универзитетот -------------- и оформен е предмет број 12-2219/1 од 19.08.2024 година.

Во пријавата се изнесени неколку наводи и тоа за:
1)Сомневање за состојба на судир на интереси, поради тоа што именуваниот, во исто време кога бил посебен советник за -------------- при Министерството за ---------

---------, бил професор на --------------------, а исто така бил и носител на неколку студиски програми поднесени во ----------------------, а коештo создавало можност ова лице да презема дејствија за кои тој не бил одговорен и надлежен.
2) Сомневање за директно влијание во постапката за вработување на неговата сопруга, ------------, која била вработена во ------------------, во период кога именуваниот, ја извршувал задачата Посебен советник за --------------- во истото Министерство.
3) Сомневање дека именуваното лице незаконски се стекнал со недвижен имот и се бара да се поведе постапка за испитување на начинот на стекнување со имотот.
4) Сомневање за злоупотреба на средства како координатор на Проектот на УСАИД и ЛЦИФ, наменет за деца ---------------, кој се спроведувал од страна на Универзитетот ---------------- а за што се воделе и две судски постапки со кои на лицето --------------- му престанал работниот однос на Универзитетот -------------------.

При надлежното постапување за предметниот случај, ДКСК го констатира следново:
- По однос на првите два наводи кои се однесуваат на сомневање за состојби на судир на интереси, ДКСК постапува по предмет оформен во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање со бр. 09-2171/1 од 2024 година, а по однос на третиот навод во Одделението за следење на имотна состојба и интереси е оформен предмет со бр. 08-3348/1 од 11.07.2024 година. По овие два предмета постапките се сеуште во тек и не е донесена одлука на ДКСК.
-По однос на наводите за сомневање за злоупотреба на средства, ДКСК дојде до сознание дека во случајот станува збор за средства од Проект за деца -------------- кој како петогодишен проект започнат во Октомври 2014 година е финансиран од УСАИД и Меѓународната фондација на Лајонс клубовите (ЛЦИФ). Проектот имал за цел да ги зголеми квалитетот и достапноста на образовните можности за учениците --------------; рана детекција и превенција на -------------, мобилност и пристап до информации за лицата со ---------- и нивните семејства; и да ја зајакнат работната подготвеност на младите со -------------, а истиот го спроведувал/имплементирал Универзитетот ---------------- во партнерство со Меѓународната фондација на Лајонс Клубовите и УСАИД кои ги вложиле финансиските средства во овој проект.

Од ова произлегува дека станува збор за средства финансирани од буџет на меѓународни организации кои биле наменети за имплементација на горе наведениот проект а кој проект не бил финансиран со буџетски средства на Министерството ------------.

Воедно, за предметниот случај, од страна на Универзитетот --------------- биле покренати и две судски постапки за одговорност за злоупотреба на средства од наведениот проект, чиј координатор било пријавеното лице -------------, а кој поради овие причини бил и суспендиран од работа како асистент на Универзитетот -------------.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р Ф.О,. советник
Контролирал: м-р К.З,. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д,. член на ДКСК